**20220270292**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 100 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на ден 27.1.2022 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за начинот на уплата на придонеси во доброволен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр.138/2008) во член 8 став (2) по зборот: „уплаќачот“ се додаваат зборовите: „или преку трансакција поврзана со трансакциската сметка на членот и/или уплаќачот“.

Член 2

Во член 12 став (2) по зборот: „ осигурителот “ се додаваат зборовите: „или преку трансакција поврзана со трансакциската сметка на осигурителот “.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-110/3
31 јануари 2022 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.